СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД I-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 76-та СЕДНИЦА НА СОЕРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 ЈУЛИ 1994 ГОДИНА**

1. БОШКОВ ЈОРДАН - 19, 31, 40
2. ГОШЕВ ТУШЕ - 8, 14
3. ЗИБЕРИ НАСЕР - 30
4. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 2
5. КОТЕВСКИЃОРЃИ - 22
6. МАНЕВ ЕФТИМ - 16
7. ПОПОВСКИ КИРО - 45
8. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 1
9. ПЕТРОВ ТОДОР - 4, 11, 23, 39, 46
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 12
11. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 26, 49
12. ПЕТРУШЕВСКИ БЛАГОЈА - 37, 47
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 13, 15, 34, 35, 36, 38, 41
14. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР
15. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 21
16. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 33, 35, 36, 37

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Присутни се 63 пратеници.

Пратениците Димитар Поповски, Никола Стојановски и Душко Горѓески, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точка 1** - Предлог на одлука за именување претседател и членови на Посебна комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделски стопанства во Република Македонија во 1994 година.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас би замолил во името на Комисијата за прашања на изборите и именувањата

I/2.-JM/МЛ

оваа точка да се помести за утре, а би продолжиле по другите точки бидејќи во меѓувреме добивме два амандмана од два пратеника на пратеничката група на ПДП кои што Комисијата не успеа да ги разгледа а согласно правилата и процедурата би требало Комисијата да се изјасни по тие амандмани, па потоа таа одлука нормално да ја пушти на рас права и на усвојување пред Собранието. Молам Собранието да се изјасни за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема зошто Собранието да се изјаснува. Вие сте предлагач. Нема што да се изјаснуваме.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на одлука за објавување из на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Дали се прифаќа овој предлог?

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (55 пратеници).

Дали некој е против? (7 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на одлуката заедно со исправката ви се доставени

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со оваа точка би ви го кажал следното. Сведоци сме дека постојано се крши Уставот така што и оваа одлука ако се изгласа ќе биде антиуставна. Кога се изгласа Уставот во

определениот рок требаше да се пристапи кон опрерационализација и се донесе закон за нова организација на судовите. Бидејќи позицијата испадна неспособна и не успеа да донесе нов таков закон, пристапи кон импровизација без постоечки нов закон во присуство на стариот на Социјалистичка Република Македонија треба да се изгласа Предлог - одлука за избор на судии на Врховниот суд. Ова значи да повторам при постоечки стар закон на Социјалистичка Република Македонија се носи одлука во која фигурира Република Македонија. Затоа што сака пред изборите актуелната политичка власт да формира нов Врховен суд, односно избере нови судии на тој Врховен суд. Причините се следните.

Прво, поради претстојните избори. Врховниот суд е последна највисока инстанца каде ќе се поднесуваат жалбите за неправилности при изборите. Тој ќе ги решава жалбите позитивно по коалицијата. Судии- те ќе бидат избрани од редовите на истите, а тоа се трансформираните божем комунисти, а тоа комунисти прагматичари, не се тие прави комунисти, тоа и друг пат сум го кажал, реформирани ортодоксни комунисти исто така прагматичари и мекото крило на ПДП кое исцело стапи во служба на актуелната политичка власт. Со ова си решаваат власти- те уште едно клучно прашање, прво знаеме поставија директор на радио- телевизија, полицијата е нивна, а сега и Врховниот суд да биде нив- ни, па повелете народе гласајте! Се знаат резултатите на кој начин ќе се добијат.

Второ, исто така, актуелната политичка власт мисли за пост изборите. Таа бара начин да се осигура за својата заштита. Таа има направено многу недела. Да земеме само еден пример со уверенијата за државјанство кои се дистрибуираа за пописот. Тука во уверенијата имам примероци, фотокопии каде што ја признала нашата Влада држава Косово. (Го покажува текстот). Можат и новинарите да добијат примерок. И не случајно нашиот претседател Стојан Андов се среќаваше со Ругова.

Исто така, направи и министерот Фрчковски, а и претседателот на Републиката неколку пати се среќаваше со него. Ако беше чиста актуелната политичка власт таа проблемите со судовите ќе ги решаваше заеднички за општински, окружни и врховни судии. Гро предметите се во општинските и во окружните судови. Но, затоа овие последните два суда не им служат на власта во изборите.

На крај би го прашал министерот господинот Туше Гошев да ми одговори, зошто се зема бројката 19 судии, а не 2 0 судии на Врховниот суд? Основниот текст на законот за редовните судови"Службен весник" број 38/83 според одлука на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бројката е 19. Додека во 1987 со одлука за измени на претходната одлука во дел први, точка 1 бројката 19 се заменува со бројката 20. Тоа ќе го најдете во "Службен весник" број 28/87 година. Други измени и дополнувања нема. Што значи треба да гласаме за две одлуки сега, а не само за една одлука.

Прво, Предлог - одлука за измени на претходната одлука каде бројката 20 треба да стане 19. Но, таков предлог немаме до ден денес дадено.

Второ, Предлог - одлука за објавување на избор на судии на Врховниот суд на Социјалистичка Република Македонија. Напоменувам не е Република Македонија.

**СТОЈАН АБДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За предложената одлука ќе гласам против заради тоа што лично сметам дека е спротивна со Уставот и со постоечкиот закон за судови. Во членот 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република

Македонија се вели дека изборот на судиите во судовите ќе се изврши најдоцна во рок од шест месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет. Републичкиот судски совет ќе се конституира во рок од два месеци по донесувањето на законот за републичкиот судски совет, а до конституирањето на советот нема да се врши избор на судии на судовите и именување јавни обвинители во јавните обвинителства на кои им истекол мандатот. Изборот на судиите во судовите и именувањето на јавниот обвинител според одредбите на овој Устав се врши најдоцна во рок од шест месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет. Без закон за судови кој не е во согласност со новиот Устав на Република Македонија ова Собрание не може да објави избор на ниту еден судија во Република Македонија за конституирање на третата власт, судската власт.

Понатаму, зошто сметам дека одлуката која што е предложена од предлагачите, претседателот и потпретседателите на Собранието е во спротивност со Устав и со закон. Прво, судиите не се избираат врз основа на закон за судски совет. Си постои закон за судови. Во преамбулата на Предлог - одлуката се вели дека врз основа на член 13 од Законот за републичкиот судски совет се предлага одлуката за објавување избор на судии во Врховниот суд. Со законот за судскиот совет се утврдува начинот на работа на судскиот совет, а не врз основа на него да се влече аналогија од постапката за избор на судии во судскиот Совет Собранието да извлекува аналоген заклучок дека треба врз основа на тие одредби да распишува одлука за избор на судии. Самите предлагачи во точка 2 од Предлогот на одлуката веќе се повикуваат на постоечкиот закон за редовните судии, член 74, став 2 и го одбираат она што нив им одговара за да го објават. Точно е дека во постоечкиот закон за судовите во член 7 4 став 2 судија на Врховен суд на Македонија, не на Република Македонија, може да биде избран

државјанин на СФРЈ дипломиран правник кој се истакнал како правен стручњак. Врз основа на која аналогија сега се извлекува дека мора да биде државјанин на Република Македонија и дипломиран правник кој се истакнал како правен стручњак. Законот на кој се повикуваат предлагачите не е во согласност со Уставот и не е применлив. Не може некој да го толкува и да ги преиначува одредбите на закон кој не е усогласен со Устав, како нему му одговара. Орган надлежен кој тоа усогласување го врши е само Собранието. Без усогласен текст на закон кога ќе помине Собраниска процедура предлагачите немаат право да одбираат одредби од закон кои им одговараат ним. Понатаму, ќе се изберат судии, каква заклетва ќе даваат ако немаме нов закон за судии. Изјавата што ја даваат, свечената изјава гласи: "Изјавувам дека во вршењето на судската должност ќе се залагам за развој на социјалистичка самоуправна заедница и остварување на заедничките интереси на работничката класа и работните луѓе и граѓани на Социјалистичка Република Македонија и СФРЈ и за остварување на општествено - економските и други самоуправни односи и права на самоуправните организации и заедници, работни луѓе и дека ќе се придржувам на Уставот на СФРЈ и Уставот на СРМ7 законите и самоуправните акти и дека совесно и од- говорно ќе ја вршам својата должност", завршен цитат од член 81.

Дали некој размислувал дека ако ги избереме без нов закон за судови новите судии на Врховниот суд текстот на изјавата ќе го составува лично тој како нему му одговара, без законска основа.

Понатаму, овој закон зошто не може врз основа на него да се врши избор на судии, постоечкиот закон. Заради тоа што овој закон е заснован на Устав од 1974 година каде што немаме поделба на судска, извршна и законодавна власт. И овој закон се повикува на единството на власта во државата. Тоа е член 1 од постоечкиот закон на кој и предлагачот на оваа одлука се повикува во точка 2. Понатаму според постоечкиот закон

врховните судии не се избираат со оглас. Може ќе распишеме оглас и за претседател на суд. Врховните судии се избираат на предлог на надлежното работно тело, како што е постапката по сегашниот постоечки позитивен закон, а не врз основа на предлог на судскиот совет. И тоа објавувањето се однесува само за избор на судии на општински суд, окружен, окружен стопански суд. Претходно ќе објави Собранието дека ќе врши избор на судија и за никој друг судија. Врховните судии не можат со оглас да се избираат. Исто како што тоа не го сторивме со изборот на судиите за Уставниот суд, или за судскиот совет. Таман работа ако распишевме оглас за да се пријавуваат луѓе кои ќе конкурираат за избор на уставни судии. Затоа лично сметам дека предложената одлука во целост е спротивна со Уставот на Република Македонија, тоа е мое лично мислење. И не може да се повикува на постоечкиот закон за судови ако знаеме дека во тој постоечки закон нема обврска Собранието да распишува, или да објавува оглас дека ќе врши избор на судии во Врховниот суд, туку се врши обично назначување на судиите на Врховниот суд на Македонија по постоечкиот закон, а не според Уставот како што е Врховен суд на Република Македонија. Од овие причини лично сметам дека предлог - текстот на одлуката не може ова Собрание да го распише врз основа на постоечкиот закон се додека не се донесе нов закон. А мое лично мислење зошто тој нов закон не се носи и нема да се донесе од овој состав? Заради тоа што законот се носи со 2/3 мнозинство, а судиите се избираат само со 41 глас. Од овие причини сметам дека Предлог - одлуката целосно е во спротивност со постоечкиот закон за судови на кој и самата се повикува и ова Собрание нема право на ваков начин да објавува оглас за избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија. Тоа што Републичкиот судски совет наместо на 15 февруари 1993 година, го конституиравме на 4 февруари 1994 година, па луѓето  немаат работа, немаат што да работат

и сега мора да им најдеме работа за да не примаат џабе плата, тоа е друго прашаше, политичка проценка на ова Собрание што ја донело таа одлука без нов закон за судовите. Меѓутоа, без нов закон за судови секој избор на судии за мене лично е против уставен.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да кажам дека почитувањето на Уставот и законите е темелна вредност на еден народ, па секоја дискусија која се однесува за уставноста треба да ја слушнеме и да ја кажеме. Според Уставот и Уставниот закон на Република Македонија јас оваа одлука би ја образложил и од правна страна и од функционалната страна на самата одлука. Во Уставот на Република Македонија, поточно во членот 101 каде кажува дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите. Тоа значи дека Уставот на Република Македонија дефакто го конституира Врховниот суд на Република Македонија. И вие не знам каков закон да донесете, вие мора да имате Врховен суд на државата. Оттука не постои законска пречка Врховниот суд да не може да биде избран). Ако појдеме од членот 15 на Уставниот закон, каде вие се повикувате и му давате друга конотација...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие обраќајте се на Парламентот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Се извинувам ако погрешив. Изборот на сите судии во судовите и именувањето на јавниот обвинител според одредбите на овој Устав ќе се извршат според одредбите на овој Устав, ќе се изврши најдоцна во рок

од шест месеци по конституирањето на републичкиот судски совет. Мислам дека ние го исполнуваме условот кој го предвидува членот 15 став 1 од Уставниот закон. И оттука не постојат никакви пречки да ние врз основа на уставните постулати кои ги предвидува Уставот на Република Македонија да не извршиме избор на судии на Врховниот суд. Да кажам дека ние имаме и закон за републички судски совет кој дефакто е еден комплетен закон кој во суштина ја предвидува постапката за избор на судии и членот 13 во фактичка смисла значи дека прво, мора да отпочнеме со избор на Врховниот суд, затоа што Врховниот суд треба да даде мислење за избор на пониските судови. Па од таа фактичка состојба ние мора да тргнеме прво, да го конституираме Врховниот суд, па понатаму да оди Собранието со избор на други- те судии. Законот за судовите беше даден од Владата на Република Македонија, а од Собранието беше прифатен како предлог за донесување, како нацрт на закон и како предлог на закон беше предложен на Собранието. Во мериторна расправа која Собранието ја држеше неколку дена со огромен број на амандмани, Собранието ја заврши расправата. Тоа значи дека Владата си ја исполни својата задача да го предложи законот на Собранието, а меритумот на Собранието да одлучува да го изгласа согласно на членот 98 став 5 од Уставот на Република Македонија со 81 глас е работа на Собранието и вината мислам дека не треба да се бара на друга страна. Во суштина секам да напоменам дека според Уставот на Република Македонија не постои пречка да се конституира Врховниот суд на Република Македонија и согласно на Законот за републички судски совет и согласно на членот 15 став 1 од Уставниот закон и согласно на членот 101 од Уставот на Република Македонија. А во организациона смисла на судовите какви судови ќе има Република Македонија, тоа ќе каже Собранието да#и ќе го прифати тој закон кој му беше предложен или пак следната Влада, или следното Собрание

доколку смогне сила да гласа за закон какви судови во Републиката ќе имаме. Тука единствено ќе стане пречка и да ги избереме сите судови, бидејќи имаме ние сега закон на правна сила, стариот закон кој не е изменет и не може да се додава дека Законот е против уставен, затоа што си постои Уставен суд и да се поднесе претставка на Уставниот суд, а Уставниот суд по мериторна расправа да донесе одлука дали законот за редовните судови е против уставен, или не. Сметам дека тој е на правна сила и поаѓајќи од начелото дека се додека ние не донесеме друг закон, тој закон е на правна сила. Оттука сметам дека за Врховниот суд не постојат никакви, ниту уставни ниту законски пречки да се донесе таа одлука и да се почне постапката за избор на судиите.

II/1/РД/лј

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точно е дека постои Уставен суд, Уставниот суд ќе го каже своето мислење. Јас само би напоменал дека парламентарната коалиција треба малку да се преборјува кога седи во ваков форум во ова Собрание, затоа што ако излезе опозицијата, ќе останат без кворум и не може да се владее без мнозинство. Ќе дојдат 40 пратеници од коалицијата, 21 од опозицијата, ограничи им го правото на дискусија. Бев повикан од министерот затоа и се јавувам.

Не е спорно дека законот за Републичкиот судски совет' му дава право на врховниот суд да дава мислење за изборот на судиите. Не е спорно дека врховниот суд е уставна категорија, меѓутоа, Вие сами кажавте дека постоечкиот закон си е во сила се додека во постапка пред Уставниот суд не биде нешто оспорено и утврдено со соодветна одлука дека се укинува или поништува одреден член од законот. Меѓутоа, во Предлог одлуката што е доставена во точка 2 се повикувате на член 7 4 став 2 од постоечкиот закон за судовите. Во членот 78 од законот не дозволува постоечкиот закон објава на одлука за огласување работни места судии во врховниот суд. Членот 78 став 1 децидно вели: "Собрани-ето на Република Македонија кога избира судија на Општински суд и : Окружен стопански суд, претходно ќе објави дека врши избор на судија на одреден суд и ќе ги повика кандидатите во одреден рок да поднесат пријави до Собранието. Рокот за пријавување не може да биде пократок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето". Тоа е формулацијата на членот *78 став 1 од постоечкиот закон, меѓутоа, објавата се однесува само за судии на општинскиот суд Окружен и Окружен стопански. Врховни- те судии не се избираат со објава, како огласување конкурс за работно место Врховен судија. Затоа сметам дека не може парцијално оној член од постоечкиот закон кој одговара да се извлекува, да се цитира, а целиот текст на законот да се остава да виси.

II/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи сум еден од предлагачите, ќе дадам дополнителни некои појаснувања од овие што ги даде господинот Туше Гошев. Се направи конструкција дека оваа одлука се носи и склучува врз основа на член 13 од Законот за судски совет, што не е точно, а овде стои во преамбулата на одлуката дека одлуката се базира врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 13 од Законот за Републичкиот судски совет. А зошто е тоа така еве ќе објаснам. Во член 68, алинеја 15 од Уставот на Република Македонија говори дека Собранието на Република Македонија покрај другото врши избор и разрешуваше на судии, се повикуваме на врската со член 13 од Законот за Републички судски совет, затоа што Републичкиот судски совет утврдува предлог за избор на судии на повисок суд врз основа на објективна проценка на стручните и моралните квалитети на кандидатот професионалната компетентност и искуството во неговата досегашна работа. Според тоа, уставниот основ и законски за донесување на оваа одлука не е според. Јас прифаќам образложение дека би било навистина многу подобро да го имавме законот за судовите и врз таа основа да вршиме избор на судии. Но во ситуација кога законот за судовите не е донесен, а не е спорен ни статусот на судиите и начинот на кој што се бираат врз основа на уставот и Законот за Републичкиот судски совет, оценивме дека би било оправдано заради конституирање на судската власт во Македонија да се примени непосредно Уставот и одлуката да се базира врз основа на Уставот. Одредбите се многу јасни и недвосмислени. Според тоа, и во случај на сукоб меѓу Уставот и законот се знае кој акт се применува. Нере спорно ако сакаме во Македонија да го организираме и третиот дел од власта, а тоа е судската власт дека оваа одлука фактички има основа и во уставот и во законот за Републичкиот судски совет.

II/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Дами и господа покрај уставот што го донесовме на 17 ноември 19 91 година, на Република Македонија и донесовме и уставен закон за спроведување на тој устав. Се споменува од двајцата претходници одредби и од Уставот и од Уставниот закон . Ќе го прочитам прв пат првиот дел и што го читаше и министерот под член 15: "Изборот на сите судии во судовите и именување на јавниот обвинител според одредбите на овој устав ќе се изврши најдоцна во тој рок по конституирање на судскиот совет". Значи не задолжува да вршиме избор на судии по одредби на Уставот. Предлагачот на одлуката кога ја предлага се за.- држува само на уставната одредница од член 101 таа одредница стои: Врховниот суд на Република Македонија е највисокиот суд . Ја одредува хиерархијата одозгора што не може да се формира поголем суд од тој.

Вториот дел од таа одредница ја дава содржината што ќе работи судот. Да се грижи да обезбедува единство во примена на законот од страна на судовите.

Кога се говори да се изврши избор на судии по овој устав, предлагачот ја заборавил одредницата по член 10 9 од истиот устав член 99 гласи: "Судија се избира без ограничување на траеше на мандатот" ако е така, значи ова е нова одредба по овој устав. Ако сакаме да ги применуваме одредбите од постојниот закон, судиите се избираат за ч4 односно 8 години. Јас ве прашувам каде е уставната одредба  кога ќе бираме судии што ќе бидат со траен мандат. Требаше тоа да се разреши со предложениот закон. Кога истиот предлагач на оваа одлука до ова Собрание го предложи законот за судовите, во организација на судовите ќе ги читам и тие одредби и се повика дека не може да се применува овој закон, и не  може да се применува, затоа што парламентот не го изгласал. Меѓутоа, овдека е мотивот во прашање. Кога се говори за организација на судот глава II член 14, основните судови се основаат за

II/4.-

подрачја определени со овој закон. Основните судови можат да судат и надвор од седиштето на судот во судски денови. Член 15 вишите судови се основаат на подрачја на повеќе основни судови член 16 што има смисла дека оваа одлука се предлага вон од уставните овластувања, врховниот суд на Република Македонија се основа за територија на Републиката. Што значи овдека дава организациона содржина на судот. И вториот дел од тој член вели седиштето на Врховниот суд на Република Македонија е во Скопје. Се решава се. Значи дека судот иако има уставен третман како врховен суд на Република Македонија, има и законска одредница што мора ад се содржи. Законската одредница лежи во смисла на членот 99 каде судиите треба да бидат трајно избрани.

Господа пратеници нека дојде г-динот министер и нека ни каже ќе доенсеме одлука на кое време тие судии ќе ги бираме. Дали на четири години или трајно. Ако е трајно треба во овој закон, ако е на четири години , тој закон е во спротивност со уставот. Ние не треба да бараме од уставниот суд да не учи буквата А се пишува вака. Ова е законодавно тело не смее да се бави со злоупотреба и со кршење на законот . Тоа< се основните работи од кои оваа одредба нема уставна подлога. И Ве молам повеќе да не се занимаваме со вакви празни работи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

господа членот 15 од Уставниот закон зборува: Изборот на сите судии во судовите, именувањето на јавен обвинител, според одредбите на овој устав, ќе се изврши најдоцна во рок од шест месеци, по конституирањето на Републичкиот судски совет. Одредбата на овој устав член 99 судија се избира без ограничување на траење на мандатот. Тоа значи дека уставниот закон прифатува за избор согласно на Уставот на Република Македонија. Не уставните одредби. Ние сме законодавно тело и веќе четири години донесуваме закон. Највисок закон во државата е Уставот на Република Македонија кој го гарантира правниот поредок и политичкото уредување на земјата. И секоја неусогласеност спротивност

II/5.-

на одредбите на законот, се применува директно одредбите на Уставот на Република Македонија. А одредбите на Уставот на Република Македонија, директно ги кажува членот 15, каде кажува дека согласно на одредбите на уставот на Република Македонија ќе се изврши избор. а согласно на членот 101 од Уставот на Република Македонија, каде го конституира дефакто, не е потребно ни закон за врховниот суд каде кажува дека врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката. Вие каков да сакате да донесете организационен закон, мораме да имаме врховен суд на државата. Па оттука, јас повторно велам дека секоја таква лоша одбрана би била само на штета на судството да не може во Република Македонија да се конституира. А мораме по тој редослед во таа фактичка состојба, затоа што и согласно на членот 13 од Законот за Републички судски совет, врховниот суд на Република Македонија дава мислење за избор на пониските судови. А каква организациона поставеност ќе имаме на судовите, тоа собранието ќе го каже со донесувањето на законот кој е предложен или кој ќе биде направен друг закон во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова беше фактички објаснување по повод излагањето на господинот Стојановски, господинот Стојановски има право на реплика да дообјасни што недоволно јасно разбрал министерот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе го прифатев ова толкување на господинот министер, ако истиот тој човек овој закон за судовите не го предложеше. Во него прави, и јасно укажува, организација и надлежност на судовите. И тука го вбројува врховниот суд и за него не може да важи поинаква одредба и како и за другите судии. Таму не прави разлика ни на судии на Врховен суд ни на другите судии. Ако помине оваа одредба вака, јас тогаш се прашувам зошто се бега од законот , а се оди на одлука. И одговорам. Нашле начин да го избегнат двотретинското мнозинство да преку 40

II/6.-

гласа управуваат и донесуваат закони кои имаат квалификувано мнозинство. Господа, не смееме да се бавиме со таа работа. Ако го немаше ондека Врховниот суд , тогаш навистина и по негово длабоко уверување ова што го кажував ќе сум го сфатил дека веднаш го применува Уставот. Меѓутоа кога предлага закон имаме решение за судот вака. Кога, не му поминува тоа поради неговото мнозинство кога го поддржува, тогаш имаме за 40 броја доволно луѓе,ај сега ќе го менуваме Уставот. Ќе имаме принцип. Законитоста целосно се заснова на принципи. А правилата се пишуваат некој да не заборави што работел вчера или денеска. Туку да стои да се применува она што е тогаш и тогаш напишано. Едно време, царевите ги донесуваа одлуките. Меѓутоа, и царот да не заборави ќе му каже на посилникот напиши утре што треба да работам. Иако е цар. А ние сме парламент и имаме закони да ги почитуваме.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, неспорен факт е дека третата власт ова Собрание не успеа да ја воспостави скоро за целиот свој мандат кој што веќе е на истек. Кога сме на точката донесување на одлука за распишување за избор на судии з а врховен суд, сметам дека ваквата одлука како што е предложена стои на стаклени нозе. Иако предлагачот господинот министер Туше Гошев се обидуваше да објасни дека постои уставен основ за донесување на ваква одлука, дека врховниот суд не е врзан со законот за судовие1 и тој како највисок суд во државата може да се распише таков оглас и да се изврши избор согласно уставот. Сметам дека и на Туше му е јасно и на сите колеги кои се правници дека донесувањето на ваква одлука и одлуката е под законски акт и истата произлегува неспоред факт е дека постои уставен основ Собранието да донесе ваква одлука. Но ваквата одлука мора да биде заснована на закон. Мораме да признаеме ние како Собрание дека е неминовно да се донесе законот за судовите. И ми се чини дека огромна грешка е на

претседателството што овој закон не го стави на гласање на ова Собрание и да знаевме каде сме. Не ќе може по завршен претрес, по завршена расправа за овој закон истиот да чека за гласање година или две или кој знае кога. Тоа би било исто кога еден судија ќе ја заврши целата постапка и одлука нема да донесе. Ќе го чуваат целокупниот материјал во фиока и ќе чека добри денови. Мене ми се чини дека неопходно е да се стави законот, да се види кој ќе гласа, кој нема да гласа, и зошто нема да гласа и што се причините;. Дали со донесувањето на ваква одлука за распишување на оглас за избор на судии во врховниот суд ние ќе ја конституираме и ќе ја завршиме третата власт. Мене ми се чини дека баш ништо нема да направиме. Иако, повторно ќе го потсетам министерот Гошев кажа дека Врховниот суд е таков орган кој што ја систематизира и ја контролира целокупната работа на судството. И денеска постои Врховен суд кој и денеска тоа го работи. Дали ако избереме ние нови судии во врховниот суд нешто ќе се измени надолу вооружените и општинските судови. Баш ништо нема да се измени. Мене ми се чини дека основната тежина во правосудството сега е токму во општинските судови. И во Окружните. Бидејќи таму е најголем дел осипано на судии и таму работата најмногу пати. Со изборот на судии во врховниот суд, не знам дали ова Собрание без да го донесе законот по иста процедура ќе може да врши избор и таму. Ми се чини дека тогаш ќе направиме лакрдија од право и тогаш воопшто од тоа законодавно тело која што ја одбивме да ја штити законитоста, да носи закони согласно на Уставот и другите одлуки кои што ги носи, ние ќе одиме наопаку. Ми се чини дека оваа одлука не треба да се гласи туку треба ова Собрание да се обиде веднаш како што збореше премиерот Бранко Црвенковски за некои закони од економската сфера и овој закон да се стави, нека собере сили да се најдат решенија, да се изгласи законот и така да ја формираме третата власт.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ако предлогот на коалиционите партнери оди во смисла на државотворност, она што значи конституирање и на судската, односно третата власт во државата, секако, јас сум тој поборник што веднаш би го прифатил овој предлог и би дал можеби значаен придонес во смисла да помогнам во однос на она што се нуди на оваа седница. Меѓутоа, од говорница да се изнесува дека постои уставен основ за конституирање на овој суд итн. тврдам дека не е точно, нелогично односно оди во некои други интереси, партиски интереси. Дека е тоа така, само ќе го потсетам господинот министер кој се повикува на уставност не мора да значи ако Врховниот суд е наведен во Уставот во членот 101 односно ќе цитирам: "Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката". Не мора да се даде тоа значење дека тоа е уставна категорија. Ако нешто е кажано дека тој е највисок суд во Републиката, тоа и подразбира дека има и други судови од него и се знае во таа смисла каде би оделе работите односно како би се организирала односно организационо би се поставила судската власт. Мене малку оваа работа не ми изгледа добро во смисла на тоа што ако веќе се пристапи на оваа седница кон избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија, а коалицијата е во постапка со Предлогот на законот за судовите каде што оваа веќе уставна категорија е дефинирана во тој закон односно Врховниот суд е строго дефиниран во одредени членови каде што кажува состав, надлежности итн., зошто тогаш би се повторувале и од каде тој би влечел бројна состојба да кажеме конкретно во случајот на Врховниот суд. Дали тоа може директно да го влече од Уставот на Република Македонија. Навистина нелогично би оделе работеле. Нормално е прво да оди Законот за судовите. Тој

организационо ги решава сите работи, Врховниот суд е точно назначен во кои надлежности, каде е седиштето и сите оние карактеристики кои важат за Врховен суд на Република Македонија. А директно да се применува Уставот, односно да се каже дека тоа е уставна категорија ајде да бираме Врховен суд на Република Македонија,не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

За збор се јави господинот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, дами и господа јас би сакал накусо да ги споделам моите размисли, моите резерви околу предложенава одлука за распишување оглас за избор на судии на Врховниот суд. Чувме дека уставен основ и законски основ, а и пречки немало, барем според толкувањето на министерот. Јас не можам да одам многу во елаборација дали е тоа токму така, но освен што ние сме обврзани да работиме врз основа на устав и на закон, обврзани сме да ја пазиме и моралната димензија. Зошто за мене е во оваа ситуација и сега токму спорно да се нафатиме со вакви прашања кои длабоко навлегуваат во кадровски солуции. Причината е многу едноставна. Ако веќе заради воспоставување државна власт во правосудната гранка, мора да се направат неколку чекори, кои ни се познати и кои јас поради овие седум минути нема да ги повторувам, се поставува прашањето зошто тоа не е сторено во првите шест месеци по донесувањето на Уставот, туку се инсистира тие чекори, кои се неминовно поврзани и со кадровски солуции, да бидат сторени сега при истекот на нашиот мандат. Колку мене ми е позната парламентарната пракса во отстоените демократии при крајот на мандатот ни пратениците се нафаќаат со избори на лица и именувања кои се од  голема важност, ниту пак извршната власт,

поточно Владата во тој период може да презема сериозни зафати во стопанството, во државната управа итн. Затоа е јасно, барем за мене, морална подлога ние веќе немаме. Како прв состав на македонскиот парламент. Ние секако дека бевме компетентни во тие први шест месеци од донесувањето на Уставот да го земеме нашиот глас и да ја воспоставиме судската власт, поточно да помогнеме рамката да се воспостави. Слухот во тие месеци отсуствуваше. Сега веќе цената е голема. Мене ме иритира, исто така, тоа што во тој период не се вршеше, не се даваше акцент врз донесувањето на овие солуции. Зошто мораше прво да се формира коалиција за власта, за извршната власт, па дури потоа да се оди на избор на Републички судски совет, или на Уставен суд, или еве сега се отвора постапка за избор на членови на Врховниот суд. Вистина, за мене е прашањето е отворено и не можам да се согласам со тоа веќе во поодминат свој мандат да одлучувам за вака бизарни кадровски прашања.

Исто така, треба да ни биде јасно, а сме во овој Парламент дека и законодавната гранка т.е. парламентарната работа ние не ја изградивме се уште. Ние немаме, на пример, деловник, темел на нашето работење. Оттука, исто така, се поставува прашањето дали ние можеме да вршиме избор на лица за важни витални функции во државата, кога сме докажале своја некадарност за три и кусур години. Затоа, јас би сакал оваа точка не само поради аргументацијата што ја нудеа говорниците од говорницата да биде едноставно отфрлена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Господин Стоиле Стојков се јави за збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, го користам своето деловничко право да објаснам како ќе гласам по Предлог на одлука за објавување на избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија. Слушајќи ги претходните дискусии морам да признам дојдов до еден заклучок дека ова Собрание, свесни сме по предлог на Владата донесе низа законски предлози и одлуки кои Уставниот суд на некој начин ги прогласи за неуставни. Затоа, сакајќи да бидам конструктивна опозиција односно член на таа конструктивна опозиција мислам дека при едни вакви услови кога исто така ни се наметнува едно решение да гласаме за една одлука која не е издржана до крај ниту уставно, ниту законски не сакам да учествувам во едно такво гласање односно не сакам да бидам лицемерен пред се пред своите избирачи. Зошто? Затоа што, овде некој исто така, еден пратеник напомена дека пред четири месеци пред истекот на мандатот на овој пратенички состав ние донесуваме важни одлуки. Мора да се разбереме дека опозиција е таа што во овој случај, верувам и јас така размислувам на некој начин позицијата, сакајќи да си ги среди внатрешните односи ни предлага лично партиски, кадровски решенија. Само така можам да ја сфатам оваа одлука за Врховниот суд. Во овој случај имаме буквално лично партиски, кадровски решенија. Зошто? Па, едноставно овде се отвори расправа за тоа зошто не е донесен законот за судовите. Зошто не е донесен? На јавноста и се сервираат погрешни претпоставки зошто не се донесува тој закон. Многу едноставно, затоа што коалициониот партнер ПДП во овој случај бара да има Окружен суд во Гостивар. Другиот дел од позицијата не е во состојба

тоа да го исполни, меѓутоа дајте на друг начин ќе го разрешиме тоа прашање. Основата на судската власт е Законот:за судовите. Дајте овде исто така господинот Ефтим Манев предложи да собереме сили, зошто не се става на гласаше, па да види јавноста кој е за тој закон, а кој е против тој закон. Но, да се манипулира во јавноста овие се против тој закон од тие и тие причини, а другите се од тие и тие причини. Дајте ставете го на гласање, тоа сигурно треба Претседателството да го стави на гласање па да видиме кој е против тој закон. Тоа е едно од причините. Втора причина е исто така дека, овде се напомна дека овде немаме деловник за работа. Исто немаме деловник за работа затоа што не сакајќи да се нарушат односите во коалицијата знаеме таму после една одредба дека треба и на јазикот на националностите да се зборува во ова Собрание, условно кажано македонските партии во позицијата која е на власт, во коалицијата не сакаат и еден таков документ да се донесе во ова Собрание и четири години работиме по стар деловник. Затоа, не сакајќи лицемерно во овој случај и да сакам не можам да бидам конструктивна опозиција, јас ќе си излезам од оваа сала, од ова Собрание, не сакајќи да учествувам во донесување односно да и обезбедам кворум на позицијата во овој случај за да се донесе една незаконска и неуставна одлука за избор на судии на Врховнио1] суд на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, бидејќи на повидок е очигледно кршење на Уставот на Република Македонија и во прашање е донесување на една одлука, која одлука треба да се донесе, применувајќи го директно Уставот на Република Македонија, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека за оваа точка не може да присуствува и да гласа, заради тоа што очигледно е кршење на

Уставот, но во оваа прилика сакам и лично да кажам зошто јас како пратеник ќе гласам против тоа и јас ќе го напуштам Парламентот.

Една Америка Врховен суд има околу 12 судии. А една Република Македонија се предлага да има според оваа одлука 18 членови. Јас мислам дека ваквиот однос треба да се избегне и доколку се применува на ваков директен начин Уставот, тогаш министерот за правосудство на Република Македонија тоа може добро да го стори или другите министерства со Законот за локална самоуправа, па нека се влечи директно да се применува Уставот и можат таквите закони да се донесат. Затоа, уште еднаш повторувам Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да присуствува за оваа точка. (Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја напушти салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега присуствувате, дали зборува еден во име на групата или секој сам ќе зборува. Ако сте група и ако излегувате тогаш да не барате збор другите. Ако не, пак седете да го ислушаме и Ковачевски, зашто не може да му дадам збор, прво морам да утврдам точен број на присутни пратеници.

Молам пратениците да си седнат на своите места и да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

63 пратеници се во салата.

Кој е за, молам да крене рака?

Господинот Тодор Петров уште сака да каже како ќе гласа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас си барав збор, меѓутоа, поради други расправии претседателот не виде дали сум тука. А и на крајот на краиштата повторувањето е мајка на знаењето. Точно е дека во согласност со членот 68 став 1, алинеја 15

цитирам "Собранието врши избори и разрешување на судии". Но во алинеја 2 од истиот член сосема децидно се вели цитирам. "Донесува закони и дава автентично толкување на законите".

Во членот 1 од Законот за Републичкиот судски совет се вели: "Со овој закон се уредува организацијата на Републичкиот судски совет и остварувањето на работите од неговиот делокруг утврден со Устав" и ништо повеќе. Ќе верувам дека нема потреба од Законот за судовите за да изборот на судиите директно се изврши со директна примена на одредбите од Уставот, ако во членот 1 од Предлогот на законот кој е во процедура на Собранието само за изјаснување, самата Влада чиј претставник предлагач министерот за правосудство е овде, не кажала "Со овој закон се основаат судовите, се уредува нивната организација и надлежност, се определува подрачјето и седиштето на судовите и се утврдуваат условите и постапката за избор и разрешување на судии и судии поротници". За мене лично без Законот аз судовите воопшто не може да се врши избор на било кој судија во Републиката, па и да се објави оглас за избор на врховни судии. Ако ова парламентарно мнозинство нема 80 гласови, а се чувствува одговорно зошто судската власт не е конституирана, нека Владата предложи барем ако нема 80 пратеници кои ја поддржуваат има 61 пратеник. Нека предложи одлука за распуштање за да верува јавноста дека оваа Влада чувствува одговорност зошто не е конституирана судската власт. А вака чиста демагогија е, немаме мнозинство за Законот, противуставно ќе конституираме судска власт која треба да штити закони и примена на Уставот. Ако коалицијата за тоа не е способна, мене ништо не ми смета јас лично да и ја поднесам на Собранието таа одлука за распуштање, па тие што се храбри нека ја гласаат за да се види кој е одговорен, а не за оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, минуваме на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник се воздржува од гласање)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за објавување на избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија

Минуваме на **точката 3**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути...

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

57 гласаа за.

Дали е некој против? (4 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за Црвениот крст на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

IV/1.-j j/j c

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Бара збор г-динот Никола Поповски кој меѓувреме се откажува.

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-дин Мерсим Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пред да дадам еден мал мој коментар ќе го прочитам членот 4 од уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, кој гласи:

"Република Македонија како рамноправен правен наследник на СФРЈ со другите републики, врз основа на договор со други те републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните од- носи, преземени права и обврски настанати од создавањето на СФРЈ

Доколку не се склучи договор, (а тој се уште не е склучен) со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, превното наследство на СФРЈ и меѓусебните односи на РМ со другите суверени држави, де утврдуваат со- гласно со општите правни правила на меѓународното правило како и сообразно со Виенската конференција за сукцесија на државите во областа на договорите од 1978 година и Виенската конвенција за сукцесија на државите во областа на државниот имот, архивата и договорите од 1982 година".

Оваа одредба ја прочитав во целост зашто е многу децидна, јасна и вака наредувачки со императивен карактер. Едноставно РМ која сега е еден од сукцесорите - правните наследници фактички се уште докрај

работата не е завршена, Македонија е и наследник на меѓународните конвенции што ги има потпишано бившата СФРЈ. Една од таквите меѓународни конвенции е и конвенцијата за црвениот крст и црвената полумесечина. Значи неслучајно оваа хуманитарна организација има двојно име односно има име меѓународна организација на црвениот крст и црвената полумесечина бидејќи светот е повеќе конфесионален. Исто така и РМ е во прв ред двоконфесионална држава. 99% од жителите на РМ припаѓаат на две вероисповести, тоа е исламската и христијанската, во рамките на кои после може има и други секти и потсети. Така да, би било многу логично и правилно и оваа организација во РМ и Законот да носи наслов за црвениот крст односно црвената полумесечина на Македонија. Тука преди се, ако се има целта дека овој вид организација има сеопшто хуманитарен, филантропски односно човекољубив и космополитски карактер, многу пофино и подобро ќе звучи ако таа организација се вика така бидејќи е и тоа и покрај тоа што помага, таа собира и помош од населението. Скоро да нема општина во Македонија, односно град или село што припаѓа само на една вероисповест. Скоро сите населени места во РМ, граѓаните таму припаѓаат на двете вери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за црвениот крст на Македонија.

Кој е за молам да крене рака?

53 пратеници гласаа "за"

Дали е некој против?

6 пратеника се "против"

Дали некој се воздржува од гласање

1 се воздржува.

Молам да се утврди присутниот број на пратениците во салата.

Во моментов во салата се присутни 62 пратеника што значи некој не гласал.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

56 пратеници се "за"

Дали има некој против.

8 пратеници се против.

Дали некој се воздржува. (нема воздржани)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 и член 21 за бришење на став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот - закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 за додавање нова глава II од членот 6 за менување на член 8 со

IV/4.-

11 нови членови и член 9 став 1 точка 5, член 17, став 1 алинеја 1, член 18, став 1,2 и 3, член 18 за додавање нов став 2, на ставот 1 и на став 3, член 19, став 1 за додавање три нови члена под членот 20, член 21 за додавање два нови члена по членот 21 за додавање три нови члена пред членот 22, и на член 22.

Законодавно- п равната комисија поднесе амандмани на член 1,2 и 21 за бришење на став 2.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 16, став 1 алинеја 9 со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Насер Зибери поднесе амандман на насловот и во целиот текст на законот по зборот "крст" да се додадат зборовите "и црвената полумесечина".

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на насловот, на член 1, став 1,2 и 3, член 3, став 1 и 2, член 4, член 5, член 6, став 1 и 2, член 7, член 9, уводот на став 1, член 10* член 11 став 1 и 2, член 12, член 13, член 14, став 1 и 2, член 15, член 16, став 2, член 17 во уводот на став 1 и став 3 и 4, член 18 став 1,2 и 3, член 19, став 1 и 2 и член 21, став 2, на член 2 став 4, член 8, насловот на глава II, насловот на глава IV, член 16, уводот на став 1 и 2, член 20 и член 3, став 1.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 17, став 1 за додавање нова алинеја со кој Владата не се согласува.

Молам да се обезбеди претставник на Владата.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Присутен е заменикот на министерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Отворам претрес по амандманот за насловот и во целиот текст на законот, после зборот "крст" да се додадат зборовите "црвената полумесечина" поднесен од пратеникот Насер Зибери.

Молам кој бара збор.

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, некои од прашањата околу поднесувањето на амандманот веќе ги кажа пратеникот Положани. Суштината на причините околу поднесувањето на амандманите е дадена во форма на образложение во текстот на амандманот и јас дополнително ќе се задржам само на две прашања.

Прво, сметам дека не држи образложението дадено од страна на Владата околу неприфаќањето на амандманот од мотиви дека во рамките на нормативните делови и акти околу организирањето и функционирањето на Црвениот крст и црвената полумесечина е наведено дека во една држава може да се организира и да функционира само една организација од Црвениот крст односно Црвената полумесечина. Сметам дека во РМ исто така согласно овие нормативни акти околу организирањето и функционирањето на оваа хуманитарна организација треба да се организира и функционира една ваква хуманитарна организација само под името Црвениот крст и Црвената полумесечина. Значи не бараме паралелно организирање на ваква хума-

нитарна организација, туку единствена, но со целосно име согласно и името на ваквата организација во рамките на меѓународната организација и слични на оваа.

Второ, сметам дека досегашното организирање на хуманитарните организации на РМ се одвиваше во рамките на еднонационалното односно еднoконфесионалното организирање, а голем дел за ваквата последица односно ваквиот начин на организирање беше и резултат на ваквото именување на овие хуманитарни организации.

Доколку биде прифатен амандманот и се преименува ваквата организација со целосното име, сметам дека ќе дојдеме до подобри резултати и пошироко организирање, надминувајќи ги и националните односно конфесионалните рамки и истата ќе биде усогласена со меѓународната конвенција во поглед на ваквото организриање.

(Моментално е отсутен претседателот Стојан Андов и со седницата раководи Киро Поповски)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор има пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, организацијата на Црвениот крст не е конфесионално обезбедена. Црвениот крст впрочем не е ни верско. обележје. Тоа е израз на хуманоста. Заради некакви ограничувања можеби во некои делови од Земјината топка се претпочитуваше да се додаде т.е. да се даде друго име односно да биде Црвената полумесечина. На оваа асоцијација од чисто хуманитарен карактер нема потреба да се гледа дека носи верски белег. Инаку колку мене ми е

познато според конвенцијата или документот на оваа меѓународна асоцијација, во одделните земји членки, националната асоцијација се именува или со Црвен крст или со Црвена полумесечина. Мене навистина не ми е познато како се именуваат тие асоцијации национални во земји каде што традицијата и вероисповеста не е ниту христијанска ниту муслиманска на пример во будистички крај, хиндустички крај итн. Така да не би можел сега околу тоа нешто повеќе да кажам.

Исто така е јасно и треба да се каже а не се јавив во општиот претрес дека ние во четвртата година на крајот од нашиот мандат конечно ја имаме оваа точка на дневен ред, а без ваков закон не може ни националната организација, македонската да биде примена во членство во меѓународната асоцијација. И тоа, оди на товар на Собранието, на парламентарците, зошто досега таков закон не е донесен. Имаше повеќе иницијативи од Црвениот крст тука и многу благодети да не кажам претерано но многу поволности со тоа нечленство на македонската асоцијација беа изгубени.

И да се вратам на овој амандман, според мене не е потребен, затоа што името на националната асоцијација останува во согласност со доминантната традиција овде. Овде ми се чини дека сепак дека одредницата Црвен крст е поадекватна. Само би ве иницирал малку да се замислиме како би изгледал називот на таква асоцијација во случај да не доаѓаше до вакви политички расплети а имаме и држави членки на исламската Лига каде што националната асоцијација се нарекува Црвен крст, а не Црвена полумесечина.

IV/8.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор Благоја Петрушевски, заменик министер за труд.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од причини што се работи за хуманитарна организација тоа е единствена во државата и може да има само едно име и тоа е Црвен крст на РМ. Двете имиња Црвен крст и Црвена полумесечина се употребуваат само во случај кога се работи за меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина. За илустрација само во Соседна Албанија организацијата е Црвен крст на Албанија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ја би сакал само да го потсетам заменик министерот дека токму затоа што ова не е политичка асоцијација туку хуманитарна, Црвениот крст односно Црвената полумесечина односно Давидовиот штит во Израел е една хуманитарна асоцијација која е основана 1830 година по иницијатива на Швајцарецот Ано Дино. Целта на оваа хуманитарна организација била помош на повредените војници во војните. Тоа треба да го знаете како заменик министер И знакот за распознавање на оваа хуманитарна организација и асоцијација, ова не е ниту партиска ниту државна асоцијација, знаковите се за христијанските земји Црвен крст, за муслиманските Црвена полумесечина и за Израел усвоен е тогаш знакот

Давидов штит. Поради тоа, ова е исто една организација, нема државен карактер туку хуманитарен карактер и насекаде вие тоа во Скопје го имате колите на меѓународниот црвен крст имаат знак на Црвен крст и на Црвена полумесечина.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас ќе продолжам онде каде застана последниот колега од оваа говорница. Се говори за хуманитарна организација и треба како што тој тврди да биде обележана со повеќе знаци. Дали ако се одбележи со повеќе знаци ќе ја смени содржината. Таа останува хуманитарна организација со 1,2,3 па и 5 знака. Иста е. Меѓутоа, овде предлагачите на амандманот како јас ги сфатив не мора и друг да го сфати, е начин, токму како што имаше едно интервју на колегата пред мене дека станува збор за Федерација, федерализам во Македонија. Ова е една од формите низ кои сака да се влезе. Затоа сметам дека не би требало ние од една хуманитарна организација да добиеме политичка организација што ќе има повеќе обележја.

V/1.-СП/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Хуманитарната организација традиционално на овој дел е Црвениот крст и да ја задржиме традицијата и сега. Овие луѓе конфесионално што припаѓаат на други нехристијански, не треба да значи дека им се навлегува во интимата. Оваа организација суштествувала тие ја почитувале и сметам дека ќе ја почитуваат и понатаму. Ако сме за една држава, да останеме во неа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Реплика бара пратеникот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Токму тука се гледа наивноста на еден пратеник што мисли дека државата се чува со Црвен крст. Ако Црвениот крст е чувар на една држава, тогаш таа држава не треба да постои. Јас ви зборувам за една хумана идеја на еден Швајцарец чија првобитна замисла била да им се помогне на војниците на воените боишта. Таа хумана идеја никој нема право да ја искривува во било која земја во име на некоја традиција и ако воопшто во доделувањето на пакети или инекции или лекови на населението има врска со Федерација, тогаш алал нека ви е.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Реплика бара пратеникот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас господинот Халили го повикав да дојде на оваа говорница токму со тоа да каже дека една држава ако нема црвен крст ќе пропадне. А дали ќе опстане ако нема месечина? Тогаш во што е логиката? Дали во размислувањето или во инаетот? Ако е во инает треба полумесечина,

ако е во размислување дека е хуманитарна организација традицијата мора да се почитува. Ако господинот Халили мисли и понатаму да размислува дека само со неговите предлози дека тој е извонреден познавач на приликите во оваа држава и дека тој е творец на оваа држава навистина...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, обраќајте се на Парламентот, а не на поединци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа беше, навистина се мами. Еднаш треба да се сфати дека се е во игра кога некој не сака држава, па сега господин Халили штом се заканува дека нема Црвен крст и дека Црвениот крст треба да ја штити оваа држава без полумесечина, тогаш навистина нема чувство ни за време ни за простор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Халили повторно бара реплика.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

За мене навистина е жалосно политичките определби да ги истоветуваш со една хуманитарна организација. Твојата нељубов кон државата немој на другите да му ја припишуваш.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Повторно обрнувам внимание обраќајте се на Парламентот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека господинот Халили греши. Тој мислеше да ме куди, а не да ме жали. За жалење е тој, не сум јас за жалење. Тој може да ме куди мене, да ме напаѓа, да ме оспорува, а нема потреба да ме

жали. Ниту ми е родител, ниту комшија, ниту ништо, па да ме жали. Тоа може само некој интимен да го жали. Ние двајцата немаме интима толку блиска да се однесуваме, па некој грешел нешто. Тој не може да сфати во што е играта. Во тоа е проблемот, инаку другото е се во ред, а сега дали и преку оваа организација се штити или не, јас не дадов никаква изјава на ниеден стран државјанин или на некое списание дека Македонија не може или може без албанците. Тој тврди дека е свршен чин федерализација на Македонија. Тоа е неговиот основен елемент и сега тој е навистина за жалење, тој нема ниту ориентација за време и простор. Нека разбере што е однос за жалење, а што е за кудење.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам дајте да се држиме за темата што е на дневен ред. Вака ако продолжите можеме и 24 часа да ве слушаме. Излезете надвор па разберете се.

Пратеникот Халили бара реплика и ве молам немојте да апострофирате никого, обраќајте се на Парламентот, она што имате да кажете.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Има едно правило во животот се кудат тие што се способни, што претставуваат нешто, се жалат тие што навистина се неспособни. Додека јас, ако ги бранам интересите на мојот народ, немој ти да ме жалиш воопшто оти има кој ме фали.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Немате право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Штом барате ова ќе биде мое последно настапување. Јас не знам кој народ него го фали. Што подразбира тој под способен и неспособен? Тоа е за жалење што човекот не може да разбере што не знае што е, а да барам тој да ме признае дали сум способен или не, нема ни потреба ниту барам. Тоа е мислење кое нема подлога, па нека се жали самиот, јас не го жалам, ако го жалам треба да го помагам, а не мислам тоа да го правам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, обрнувам внимание натамошна дискусија на меѓусебни лични однесувања ќе прекинувам.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници) .

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Во насловот во целост текстот на законот по зборот "крст" да се додадат зборовите: "и црвена полумесечина", поднесен од пратеникот Насер Зибери.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на член 1, член 2 став 1,2 и 3, член 3 став 1 и 2, член 4, член 5, член б став 1 и 2, член 7, член 9 уводот на став 1, член 10, член 11 став 1 и 2, член 12, член 13, член 14 став 1 и 2, член 15,член 16 став 2, член 17, уводот на став 1 и став 3 и 4, член 18 став 1, 2 и 3, член 19 став 1 и 2 и член 21 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

V/5.-

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот се однесува на насловот и на целиот текст на одредбите од Предлог-законот. Името на организацијата Црвен крст на Република Македонија да се замени со зборовите "Црвен крст на Македонија". Со следното образложение.

Педесет години бевме држава и педесет години постоеше закон за Црвен крст на Македонија. Владата во предлог - верзијата на овој закон што сега го нуди во собраниска процедура го менува името на организацијата од Црвен крст на Македонија во Црвен крст на Република Македонија. За мене е воопшто неприфатливо после 50 години да се дава образложение затоа што името на државата според Уставот, е определено во Република Македонија и заради тоа името на институцијата Црвен крст на Македонија треба да го промени името во Црвен крст на Република Македонија. Па, ние не станавме држава од 17 ноември 1991 година. Ако се примени ваквата аналогија на Владата, тогаш би требало сите јавни претпријатија за кои основач е ова Собрание со соодветни акти во своите наслови да го променат своето име и тоа во што поитна постапка затоа што излегува нелогичност според толкувањето на Владата за неприфаќање на предлог - амандманот и тоа за институциите: ПТТ Македонија, Електростопанство на Македонија, ЗОИЛ Македонија, Македонија - пат, Македонска железница, Македонска телевизија, Македонско радио и н.

Лично сметам дека имајќи ја предвид досегашната законска регулатива дека законот гласел Закон за Црвен крст на Македонија, а дефакто и предлогот на Владата што е даден на насловната страна гласи Предлог за донесување закон за Црвен крст на Македонија, со предлог на закон. Така беше утврден дневниот ред на оваа седница.

Сметам дека нема никакви причини по определен временски период Собранието со соодветен законски пропис повторно за Црвениот крст на Македонија да го менува името на оваа институција.

Затоа предлагам да се прифати амандманот со кој во насловот и во целиот текст ќе си остане името како што 50 години до сега било Црвен крст на Македонија. Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор пратеникот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас поаѓам од тоа дека предлогот на Владата е со немарна грешка и дека не е тоа сериозен став и би сакал да слушнам од претставник на Владата дека тоа не е сериозен став во Владата на Република Македонија за сите називи на асоцијации или претпријатија да се користи уставното име. Тоа дека нашата држава е Република јасно е секому и секаде. Исто така не би се согласил описот Република постојано да се повторува т.е. државното уредување доколку не би биле Република, туку ако би биле кралство некаква монархија, сосема е неприкладно за мене и од она што гледаме во другите држави која е праксата, таму гледаме и еден поголем степен на слобода и на комотност. На пример централна банка не мора да биде емисиона или централна банка на таа и таа држава, туку со придавка се оди. Би било сосема целисходно оваа дилема Владата самата да ја разјасни и да можеме да делуваме понатаму.

По мое видување овој амандман е коректен и јас го поддржувам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33 пратеници).

За амандманот гласаа 33 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен кој се однесуваше на насловот и на член 1 став 2, став 1,2 и 3, член 3 став 1 и 2, ,член 4, член 5, член 6 став 1 и 2, член 7...

(Негодување кај пратениците се сомневаат дека нема кворум) Има збор пратеникот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, поради сомневање во исходот на гласањето ако има десет души да се гласа поединечно, да се утврди кој за што е, јас кажувам за гласањето, а не за предлагачот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има десет пратеника.

Прво да провериме дали имаме кворум во салата.

Во салата има 5 4 пратеника.

Бидејќи предлогот за поединечно гласање доби поддршка од 10 пратеника, објективно не можеме да го оствариме доколку во салата не обезбедиме потребен кворум.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

По гласањето излегоа поголема група на пратеници.

Во салата има 63 пратеника, па го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ против
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА Не е тука
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ не е тука
4. ХАМИТ АЛИУ не е тука
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ за
6. СТОЈАН АНДОВ не е тука
7. ТИМЕ АНДОНОВ воздржан
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ Не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ за
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ не е тука
12 . БРАНКО АРСОВСКИ против
13. ДУШКО АРСОВСКИ против
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ против
15. ЈОРДАН БОШКОВ за
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ воздржан
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ за
19. ПЕТАР ГОШЕВ не е тука
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ не е тука
22. РАТКА ДИМИТРОВА за
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ против
24. ТОДОР ДИМОВ воздржан
25. ДОСТА ДИМОВСКА за
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ не е тука
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ воздржан
29. ЗУДИ ЕМИНИ против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ против

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ не е тука
32. НАСЕР ЗИБЕРИ не е тука
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ воздржан
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ воздржан
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ не е тука
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не е тука
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ за
38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ воздржан
39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ за
40. РИСТО ЈОВАНОВ за
41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ за
42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ не е тука
43. ТАШКО КИРОВ за
44. ЗОРАН КИТЕВ за
45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ за
46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
47. ГОРГИ КОТЕВСКИ за
48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ воздржан
49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА не е тука
50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ за
51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ за
52 ЕФТИМ МАНЕВ за
53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ воздржан
54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА не е тука
55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ не е тука
56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ против
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ не е тука
58. ПАНЧО МИНОВ не е тука
59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ воздржан
60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ за
61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ за
62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ не е тука
63. АВДИ МУРТЕЗАНИ не е тука

64. НАИФ МУСТАФА не е тука
65. ПАНЧЕ НАСЕВ не е тука
66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ за
67. СИМОН НАУМОСКИ .воздржан
68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ не е тука
69. ЈОВАН НИКОЛОВ за
70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ против
71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ не е тука
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ против
73. ТИТО ПЕТКОВСКИ против
74. ТОДОР ПЕТРОВ за
75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ не е тука
76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ не е тука
77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ не е тука
78. КИРО ПОПОВСКИ против
79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ против
80. НИКОЛА ПОПОВСКИ воздржан
81. ШАБАН ПРЕВАЛА воздржан
82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ не е тука
83. ИСМЕТ РАМАДАНИ не е тука
84. ИВАН РАМБАБОВ за
85. ШУКРИ РАХИМИ не е тука
86. ФЕРИД САДИКУ не е тука
87. НЕИМ СЕЛМАНИ не е тука
88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ за
89. АЦО СПИРОВСКИ не е тука
90. РИСТО СТАМЕНОВ не е тука
91. РИСТО СТАНКОВСКИ против
92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ за
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА за
94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ не е тука
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ за
98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ не е тука

99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ не е тука
100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
101, ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ за
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ не е тука
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ не е тука
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ за
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ за
108, АГИМ ФАЗЛИУ не е тука
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ за
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ не е тука
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ не е тука
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ не е тука
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ против
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ не е тука
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ против
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ не е тука
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ воздржан
119. ХИСНИ ШАКИРИ не е тука

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За амандманот гласаа 70 пратеници, 39 за, 17 против и 14 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот и на член 1, член 2 став 1,2 и 3, член 3 став 1 и 2, член 4, член 5, член 6, став 1 и 2, член 7, член 9, уводот на став

член 10, член 11 став 1 и 2, член 12, член 13, член 14 став 1 и 2, член 15, член 16 став 2, член 17, уводот на став 1, и став 3 и 4, член 18 став 1, 2 и 3, член 19 став 1 и 2 и член 21 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 4.; член 8 насловот на глава II, насловот на глава IV, член 16 уводот на став 1 и член 20 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

VI/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот исто се однесува, зборовите "Црвен крст", во целиот текст на законот да се заменат со зборовите "Црвениот крст на Македонија". За мене лично како образложение чуди една логика што во овој парламент провејува кај некои луѓе. Вели, Петров предлага Македонија, затоа што има територијални претензии спрема цела етничка Македонија. Па нека се замислат тие што тоа го мислат како се викаат нивните партии и какви се нивните територијални претензии, социјал- демократски сојуз на Македонија, социјалистичка партија на Македонија, либерална партија на Македонија. На која Македонија се мисли? И нелогичноста оваа држава се вика Македонија. Изгледа заборавивте вие, или некои дека на референдумот на 8 септември 1991 година се гласаше на прашање "дали сте за суверена и самостојна држава Македонија независно што се наоѓа во постојните граници, таа е вистината, а не некој да влече аналогија ако се употребува името без одредницата на уставното уредување дека има територијални претензии спрема не- која етничка Македонија. И затоа сметам дека организација која што 50 години и кога оваа држава имала одредница "Народна Република Македонија", "Социјалистичка РЕпублика Македонија", го имала името "Црвен крст на Македонија" да некои заради тоа што премногу мисли добро на државата, еве поаѓајќи од насловот на името на државата Според уставот сега се треба да промени каде што пишува Македонија, со одредницата "Република Македонија", како ако не биде ќе го промениме, со тоа се менува уставното уредување може би некој ќе каже дека не е во ред, меѓутоа, ако 50 години така се викала организацијата, имало и многу други луѓе кои сигурно смислиле зошто така треба да биде и била 50 години оваа национална хуманитарна организација. Од истите причини и на претходниот амандман предлагам овој амандман да се усвои.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би предупредил дека

иста забелешка изнесена во амандманот и доколку овој амандман се усвои во едни членови на законот ќе имаме еден наслов на организациите, во други членови ќе имаме друг наслов.

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (31 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 4, член 8, насловот на глава II, насловот на глава IV, член 16 уводот на став 1 и 2 и член 20 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 за додавање нова алинеја поднесена од Комисијата за труд и социјална политика.

Молам, кој бара збор?

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман од Комисија за труд и социјална политика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи претставникот во името на Владата го прифати овој амандман, истиот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлог на законот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара; збор, го заклучувам претресот по текстот) иј предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали некој е против? (7 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Минуваме на ***точката 4*** - Предлози на одлуки за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (39 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака (44 пратеници).

Дали некој е против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Молам да се преброи бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата

**КИРО ПОПОВСКИ:**

На претходното гласање се констатира дека нема кворум во салата, молам да го повториме гласањето.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник гласаа за).

Дали е некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше? (3)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за изменување на одлуките за избор на надворешни членови од комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научни и стручни работници.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Ова нема врска со дневниот ред, молам претседавачот да го отстрани од ложата новинарот Тренчевски, кој со своите неумесни дискусии и упаѓања вреѓа и делува на работата на Собранието, а особено на пратеничката група на ПДП. Молам да се отстрани од салата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам не може ниеден новинар да се отстрани, може само да му се сврте внимание да не ја ремети работата на Собранието. Однос- но доколку гласно говори да не им смета на пратениците.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **5-та точка** - Предлог на одлука за именување вицегувернери на Народната банка на Република Македонија.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (42 пратеника).

Дали има некој против? (3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник)

Молам уште еднаш да се преброиме колку сме во салата.

Морам да констатирам дали имаме кворум во салата.

(57 пратеници се во салата). Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно ние сега не сме во состојба денеска да продолжиме. Јa прекинувам седницата и утре во 10,00 часот ве молам да бидете во доволен број да можеме веднаш да почнеме да работиме. Нека пратеничките групи сите си ги преземат сите мерки секој да биде известен да дојде.

Втора работа Комисијата за избори и именување предварително пред тоа нека заседава за да можеме првата точка да ја поминеме.

(Седницата прекина во 16,00 часот).